Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јануари 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** ... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ... **3**

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ... 5

Индекси на прометот во индустријата ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ... 7

Промет во секторот трговија ... 7

Инфлација ... 8

Берзански цени ... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ... **11**

Извоз ... 12

Увоз ... 13

Салдо на трговска размена ... 14

Валутна структура ... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ... **14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ... 14

Расходи по буџетски корисници ... 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ... **18**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ... 18

Плати ... 19

Пензии ... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ... **21**

Примарни пари ... 21

Депозитен потенцијал ... 21

Кредити на банките ... 22

Каматни стапки на депозитни банки ... 23

Пазар на капитал ... 23

Девизни резерви ... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јануари 2025 година

- Во јануари 2025 година, индустриското производство забележа раст од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во јануари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,1% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во јануари 2025 година во однос на јануари 2024 година бележи раст за 8,9%;
- Стапката на инфлација во јануари 2025 година изнесува 4,9% на годишно ниво и овој месец регистрира забрзување на растот (4,4% во декември 2025 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,2%;
- Во јануари 2025 година, извозот забележа раст од 5,1%, а увозот од 6,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 8,1% споредено со истиот месец од 2024 година;
- Во јануари 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 23.313 милиони денари, што претставува 6,5% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,7% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со јануари од 2024 година;
- Во јануари 2025 година, реализацијата на вкупните расходи изнесува 26.019 милиони денари, што претставува 6,5% од годишниот план, односно намалување од 3,4% во однос на јануари 2024 година;
- Во јануари 2025 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 11,3% во споредба со јануари 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јануари 2025 година, индустриското производство забележа раст од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија за 4,4%, додека намалување на производството бележат секторите Рударство и вадење камен за 5,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 4,1%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во јануари 2025 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 49,8% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во јануари 2025 година раст е забележан кај производството на метали за 13,5% со придонес од 0,5 п.п., производството на машини и уреди за 2,7% со придонес од 0,1 п.п. и кај производството на електрична опрема за 2,1% со придонес од 0,2 п.п., додека намалување бележи гранката производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 11,6% со придонес од 2,0 п.п..

Од традиционалните гранки, во јануари 2025 година зголемување на производството се забележува во гранките: производство на текстил за 13,0% со придонес од 0,6 п.п., прехранбена индустрија за 2,0% со придонес од 0,2 п.п., производство на тутунски производи за 99,4% со придонес од 1,0 п.п., производство на кожа за 19,1% со придонес од 0,1 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 107,0% со придонес од 0,9 п.п., додека намалување на производството се забележува единствено во гранката производство на пијалаци за 4,7% со придонес од -0,2 п.п.. Во гранката производство на облека нема промена.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на други неметални минерални производи
3 - Производство на тутунски производи
4 - Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал
5 - Печатење и продукција на снимени медиуми (записи)

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2025 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
3 - Вадење на јаглен и лигнит
4 - Останата производствена индустрија
5 - Вадење на други руди и камен

Извор: ДЗС

Индустриското производство според намената на произведените единици во јануари 2025 година споредено со јануари 2024 година е зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 16,4% со придонес од 4,9 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 20,6% со придонес од 0,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 2,3% со придонес од 0,7 п.п.), а намалено во групите: Енергија (пад од 8,4% со придонес од -0,7 п.п.) и Капитални производи (пад од 8,3% со придонес од -2,1 п.п.).

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Во јануари 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 3,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,7%, Преработувачка индустрија за 3,7%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 29,2%, Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 7,8% и Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал за 5,2%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Трајни производи за широка потрошувачка за 22,3%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во јануари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,1% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 17,4% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%. Продажните цени во секторот Рударство и вадење камен се намалени за 1,1%.

Во јануари 2025 година во споредба со јануари 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 15,9%, Интермедијарни производи, освен енергија за 1,7%, Производи за широка потрошувачка за 6,1% и Нетрајни производи за 6,4%.







## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јануари 2025 година во однос на јануари 2024 година бележи раст за 8,9%. Растот се должи на зголемениот промет во двата сектора Рударство и вадење камен за 41,4% и Преработувачка индустрија за 8,0%.

Во јануари 2025 година во споредба со јануари 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во сите групи: Трајни производи за широка



потрошувачка за 15,7%, Интермедијарни производи, освен енергија за 13,5%, Капитални производи за 11,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,6%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во јануари 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал (раст од 68,1%);
- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 48,6%) и
- Вадење руди на метал (раст од 42,2%).

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2025 година се издадени вкупно 317 одобренија за градење, што претставува раст од 23,8% во однос на истиот месец од 2024 година. Тоа се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за објекти од висоградба за 4,8% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 54,9%) додека кај реконструкција на објекти се забележува зголемување за 121,4%. Споредено со декември 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 10,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2025 година е повисока за 28,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 16,5%.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *( јануари 2025)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 174 (или 54,9%) се наменети за објекти од високоградба, 50 (или 15,8%) за објекти од нискоградба и 93 (или 29,3%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 317 издадени одобренија за градење, на 178 објекти (или 56,2%) како

инвеститори се јавуваат физички лица, а на 139 објекти (или 43,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2025 година предвидена е изградба на 759 станови со вкупна корисна површина од 60.471м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 7,7% на месечно ниво, а за 23,4% на годишно ниво.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во декември 2024 година изнесува 6.356 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 19,2%, при што раст за 12,9% се забележува кај високоградбата, за 28,8% кај нискоградбата, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад за 34,9%. Споредено со ноември 2024 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи раст за 46,8%, и тоа кај високоградбата за 123,6%, кај нискоградбата за 19,3% и кај специјализираните градежни работи за 45,4%. Кумулативно, во периодот јануари – декември 2024 година, вредноста на извршените градежни работи изнесува 37.984 милиони денари, што е за 10,5% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во текот на 2024 година се извршени градежни работи во вредност од 24.056 милиони денари, односно за 22,9% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 6,1% и та изнесува 12.729 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи таа изнесува 1.199 милиони денари, односно за 3,6% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - декември 2024 година се зголеми за 19,5%, при раст кај нискоградбата (33,0%), кај специјализираните градежни работи (4,5%) и кај високоградбата (1,4%).

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




## Промет во секторот трговија

Во јануари 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 3,8%, по растот од 4,9% во декември 2024 година. Вредноста на прометот во јануари 2025 година изнесува 61.292 милиона денари.

На реална основа, во јануари 2025 година трговијата на мало бележи годишен пад од 0,2%, додека анализирано по групи и класи намалување се забележува во групата трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 3,4%, додека зголемување се забележува

во следните групи: трговија на мало со автомобилски горива за 1,7%, и трговија на мало со непрехранбени продукти за 2,1%.

Во јануари 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,0%), а потоа следуваат Трговија на мало (41,5%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (4,5%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јануари 2025 година изнесува 4,9% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (4,4% во декември 2025 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од базичната компонента, како и од прехранбената компонента која бележи раст во последните месеци.

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) регистрираше забрзување споредено со претходниот месец и изнесува 6,3% на годишна основа (5,5% во декември). Овој месец најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,4 п.п.).

Во јануари 2025 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваа 5,7% и забележаа благо забрзување на растот во споредба со претходниот месец (5,6% во декември), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во декември изнесува 2,3 п.п. и нејзиниот придонес е непроменет во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: зеленчук (годишен раст од 10,0% и придонес од 0,5 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 6,9% и придонес од 0,5 п.п.), месо (годишен раст од 4,6% и придонес од 0,4 п.п.), безалкохолни пијалаци (годишен раст од 16,0% и придонес од 0,4 п.п.), масло (годишен раст од 11,8% и придонес од 0,2 п.п.) и леб и жита (годишен раст од 2,2% и придонес од 0,2 п.п.).

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јануари 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели, и тоа од 11,4% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,7 п.п.). Раст на цените е регистриран и во следните категории: Рекреација и култура од 6,5%, Разновидни стоки и

услуги од 5,8%, Транспорот од 5,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,2[1]%, Здравствена заштита од 3,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,6%, Облека и обувки од 3,3%, Комуникации од 1,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,4% и Образование од 0,3%.

Во јануари, потрошувачките цени се зголемија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,3%). Растот на цените на месечно ниво се должи, пред сè на растот на базичната инфлација. Овој месец цените на храната регистираа раст од 0,1% на месечно ниво и нивното стабилизирање делумно се должи на мерката за намалување на маржите на одредени прехранбени производи, т.н. „Новогодишна кошница“, која беше на сила до 15.1.2025 година.

Во јануари 2025 година, цените на мало се зголемија за 5,2% на годишно ниво и истите забележуваат забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,4%.

Во јануари 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,1 п.п. во споредба со декември 2024 година и изнесуваше 2,5%[2]. Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација на краток рок се очекува благо намалување на 2,3% во 2025 година, пред да се намали на 1,9% во 2026 година и на 2,0% во 2027 година. Во 2025 година се очекува мало намалување на вкупната инфлација. Ова главно се должи на повисоката инфлација на храната и нагорните базни ефекти на цените на енергијата, кои во голема мера ги неутрализираат надолните влијанија од опаѓачката инфлација. Како што исчезнуваат основните ефекти во енергетската инфлација, намалување на вкупната инфлација се очекува на почетокот на 2026 година.



Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан



Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*

Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

---

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 беше воведена нова цена на тутунот.

[2] Податокот е процена на Евростат

## Берзански цени

Во јануари 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 7,3% на месечно ниво и изнесува 79,2 долари за барел. Растот се должи на повеќе фактори, при што една од главните причини беше воведувањето на построгите санкции за руската и иранската нафта, што го намали снабдувањето на пазарот со нафта, додека пак ладниот бран во Северна Америка доведе до зголемена побарувачка. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 1,3%.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јануари 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 15,5% на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори меѓу кои геополитичките тензии поради кои Русија го прекина протокот на гас кон Европа преку Украина, временските услови како и намалените резерви на гас поради намаленото производство на гас од обновливи извори на енергија. Овие фактори, како и сè уште присутните инфлациски притисоци ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Во јануари 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 36,9% на годишно ниво.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), во јануари 2025 година цената на електричната енергија изнесува 140,19 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрира пад од 0,9%. Цените на електричната енергија регистрираат намалување по растот во претходните месеци, поради зголемувањето на цените на природниот гас и зголемената побарувачка. Овој месец, цената на електричната енергија се зголеми за 63,5% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во јануари 2025 година, цените на следните основни метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец: цинк за 7,1%, олово за 3,5% и никел за 0,3%. Раст на цените на месечно ниво регистрираа калајот за 2,6%, алуминиумот за 1,3% и бакарот за 0,8%.

Овој месец цените на златото и платината регистрираа раст на месечно ниво, и тоа за 2,3% и 1,2%, соодветно. Цената на среброто регистрираше пад од 1,1% на месечно ниво.

Во јануари, цената на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 5,8% и 0,1%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се намали на месечно ниво за 1,3%.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2025 година изнесува 1.428,0 милиони евра и бележи раст од 5,7% во однос на истиот месец минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

Во јануари 2025 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[3]), како најголем трговски партнер, е намалено за 4,2 п.п. споредено со јануари 2024 година и изнесува 59,5%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2025 година изнесува 20,6% и е намалено за 2,7 п.п. споредба со истиот месец од 2024 година.

[3]Започнувајќи од јануари2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2025 година изнесува 578,9 милиони евра и бележи раст од 5,1% (28,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 6,0% споредено со јануари 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2025 година извозот бележи раст од 2,5% (14,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 10,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,5 п.п.) врз извозот во овој месец.

Вредноста на извозот на храна во јануари 2025 година е зголемена за 4,5 милиони евра, што претставува раст од 16,0% во однос на јануари 2024 година, а количината на извезената храна е зголемена за 5,2%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја во јануари 2025 година, учеството на храната изнесува 5,7% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на јануари 2024 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во јануари 2025 година споредено со јануари 2024 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 2,7% на годишно ниво, додека во земјите од Западен Балкан раст од 10,9%. Притоа, учеството на извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија изнесува 77,6% и 12,0%, соодветно.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2025 година изнесува 849,1 милион евра, што претставува раст од 6,1% (48,6 милиона евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 18,6% споредено со јануари 2024 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2025 година увозот бележи пад од 9,2% (86,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен раст од 6,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (15,3 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во јануари 2025 година е зголемена за 5,8 милиони евра, што претставува раст од 6,8% во однос на јануари 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 5,4%. Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја во јануари 2025 година, учеството на храната изнесува 10,7% и е зголемено за 0,1 п.п. во однос на истиот месец од 2024 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,0 | 6,9 | 0,9 | 14,3 |
| Мил. ЕУР | 4,9 | 5,2 | 0,3 | 6,1 |
| Мил.$ | 5,4 | 5,4 | 0,0 | 0,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 93,8 | 83,4 | -10,4 | -11,1 |
| Мил. ЕУР | 67,2 | 61,1 | -6,1 | -9,1 |
| Мил.$ | 73,4 | 63,1 | -10,2 | -13,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,5 | 2,9 | 1,5 | 102,9 |
| Мил. ЕУР | 127,0 | 119,5 | -7,5 | -5,9 |
| Мил.$ | 138,4 | 123,9 | -14,5 | -10,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,8 | 2,1 | 0,3 | 15,8 |
| Мил. ЕУР | 11,9 | 11,0 | -0,9 | -7,9 |
| Мил.$ | 13,0 | 11,3 | -1,6 | -12,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 64,8 | 63,9 | -1,0 | -1,5 |
| Мил. ЕУР | 50,7 | 45,4 | -5,3 | -10,4 |
| Мил.$ | 55,3 | 47,0 | -8,3 | -15,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2024 | I - 2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 45,9 | 64,7 | 18,9 | 41,2 |
| Мил. ЕУР | 31,4 | 39,2 | 7,8 | 24,7 |
| Мил.$ | 34,3 | 40,6 | 6,3 | 18,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 8,1% односно 20,3 милиони евра споредено со јануари 2024 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот се должи на зголемувањето на дефицитот во размената со: индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци, горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.




**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*
Извор: ДЗС.

Во јануари 2025 година, 98,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат Турција, Србија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, САД и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 90,5% од трговската размена во јануари 2025 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2024 година претставува намалување за 2,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,5% и 89,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 3,9 п.п., а кај увозот за 1,8 п.п. во однос на јануари 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2024 | | | | | I - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 432,5 | 733.499.021 | 61,6065 | 45.188.307.437 | 91,6 | 516,5 | 762.998.062 | 61,5437 | 46.957.723.826 | 89,9 | 29.499.041 | 4,0 |
| УСД | 40,1 | 65.408.074 | 56,4449 | 3.691.952.190 | 7,5 | 44,0 | 82.267.044 | 59,4947 | 4.894.453.097 | 9,4 | 16.858.970 | 25,8 |
| ГБП | 0,2 | 1.884.045 | 71,6862 | 135.060.015 | 0,3 | 0,1 | 1.157.933 | 73,4025 | 84.995.203 | 0,2 | -726.111 | -38,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 472,8 | | | 49.015.319.643 | 99,1 | 560,6 | | | 51.937.172.126 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 473,9 | | | 49.327.352.744 | 100,0 | 562,1 | | | 52.262.062.177 | 100,0 | | 5,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во јануари 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесуваше 23.313 милиони денари, што претставува 6,5% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,7% во однос на реализираните буџетски приходи во јануари од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 21.170 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 6,6% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 7,5% во однос на претходната година. Притоа, реализацијата на даночните приходи изнесуваше 13.125 милиони денари (реализација од 6,6% од планираниот износ за 2025 година), додека на придонесите 7.955 милиони денари (годишен раст од 12,5%, односно 6,8% од планираниот износ за 2025

година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 9,6%, данок на додадена вредност за 4,0%, акцизи за 2,2% и увозни давачки за 18,9%, додека данокот на добивка бележи намалување за 2,8% и другите даночни приходи за 19,0%. Во јануари 2025 година, неданочните приходи забележаа раст за 19,8%, а приходите по основ на странски донации за 60,1%, додека капиталните приходи забележаа намалување за 5,0%.

Реализацијата на вкупните расходи во јануари 2025 година изнесуваше 26.019 милиони денари, што претставува 6,5% од годишниот план, односно намалување од 3,4% во однос на јануари 2024 година. Притоа, реализацијата на тековните расходи изнесуваше 25.572 милиона денари или 7,2% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 6,3% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 9,2%, кај расходите за стоки и услуги за 9,3% и кај каматните расходи за 42,8%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 2,5%, водени од растот на социјалните трансфери за 3,8%, расходите за здравствена заштита за 6,2% и блок и наменските дотации за 6,7%. Овој месец, расходите по основ на субвенции и трансфери беа намалени за 16,6%. Реализацијата на капиталните расходи изнесуваше 447 милиони денари и тие се пониски за 84,6% во споредба со јануари 2024 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во овој период во однос на планираниот износ изнесуваше 0,95%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ во јануари 2025 година**

| | Буџет 2025 | јануари 2025 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **23.313** | **8,7%** | **6,5%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **21.170** | **7,5%** | **6,6%** |
| Даноци | 198.607 | 13.125 | 4,9% | **6,6%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 2.305 | 9,6% | **6,5%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 1.072 | -2,8% | **4,6%** |
| ДДВ | 86.692 | 6.278 | 4,0% | **7,2%** |
| Акцизи | 35.388 | 2.364 | 2,2% | **6,7%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 1.038 | 18,9% | **6,4%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 68 | -19,0% | **5,2%** |
| Придонеси | 117.095 | 7.955 | 12,5% | **6,8%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **1.795** | **19,8%** | **6,8%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **95** | **-5,0%** | **2,7%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **253** | **60,1%** | **2,6%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **26.019** | **-3,4%** | **6,5%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **25.572** | **6,3%** | **7,2%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 3.670 | 9,2% | **7,6%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 1.201 | 9,3% | **4,6%** |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 257.721 | 18.494 | 2,5% | **7,2%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 14.609 | 3,8% | **7,6%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 9.529 | 2,8% | **7,9%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.439 | 130 | 56,6% | **3,8%** |
| Социјална помош | 15.080 | 1.202 | 0,7% | **8,0%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 3.748 | 6,2% | **7,1%** |
| Други трансфери | 64.211 | 3.787 | -2,1% | **5,9%** |
| Камата | 20.845 | 2.207 | 42,8% | **10,6%** |
| **Капитални расходи** | **47.156** | **447** | **-84,6%** | **0,9%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-2.706** | **-50,8%** | **6,5%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари 2025 година




Извор: Министерство за финансии

Во јануари 2025 година беше остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 2.706 милиони денари, што претставува 0,3% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 6,5% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари 2025 година)*




Извор: МФ.

Во јануари 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 9.798 милиони денари или 14,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (83,3%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што биле потрошени 8.164 милиони денари или 17,0% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 11,9% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 8,1% (1.168 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 3.073 милиони денари, што е 7,1% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (61,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што биле потрошени 1.903 милиони денари или 7,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,4%, за што биле потрошени 688 милиони денари, односно 7,4% од вкупно предвидените.

Во јануари 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 965 милиони денари, што претставува 6,0% од сопственият буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 81,7%, за што биле потрошени 788 милиони денари или 8,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 13,4%. За таа намена беа реализирани 130 милиони денари или 4,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 15 милиони денари што претставува 0,2% од планираните средства за тековната година. За плати и надоместоци, коишто учествуваат со 82,1% во вкупните расходи, биле реализирани 7,7% од планираните средства за цела година, односно 13 милиони денари.

Во јануари 2025 година, Министерството за одбрана реализира 923 милиони денари, што е 4,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 57,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 532 милиона денари (7,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 28,0% во вкупните расходи и за оваа ставка биле потрошени 259 милиони денари, односно 7,3% од вкупно предвидените.

Во јануари 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 622 милиона денари, односно 9,1% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 69,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а биле реализирани во износ од 431 милион денари (8,3% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 69 милиони денари или 0,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 42,2%, за што биле потрошени 29 милиони денари или 0,8% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Капитални расходи со реализација од 24 милиони денари (4,2% од планираното за годината) и учество од 35,1% во вкупните расходи.

Во јануари 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 92 милиона денари, што е 0,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 67,8% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (62 милиона денари или 0,4% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 78 милиони денари, што претставува 4,3% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (66 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 83,6%, а притоа биле реализирани 7,7% од планираните. По основ на Стоки и услуги отпаѓаат 8,1% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 6 милиони денари или 2,6% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2025 година, во Агенцијата за вработување биле регистрирани вкупно 15.153 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 7,6%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,9% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јануари 2025 година, 14,3% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во јануари 2025 година изнесувал 140.947, од кои 96.731 лице се активни баратели на работа, а 44.216 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,7%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на декември 2024 година, бројот на невработени е намален за 1 лице.

Најголем дел од активните невработени лица (58,7%) е градско население, а според половата структура 48,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,8% е со непотполно средно образование или помалку, 23,6% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,5% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во декември 2024 година изнесувала 43.587 денари и остварила годишен раст од 9,0%, а во однос на ноември 2024 година таа е повисока за 3,8%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на декември 2023 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (13,2%), Транспорт и складирање (12,3%) и Рударство и вадење камен (12,0%). Во декември 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 4,4%. Највисока просечна нето-плата во декември 2024 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (80.695 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (101.972 денара), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 60.657 денари, секторот Рударство и вадење камен со 56.631 денар и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 55.258 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, декември 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2024 година изнесувала 65.582 денара и споредено со истиот месец од 2023 година пораснала за 9,2%, а на месечна основа за 3,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во декември 2024 година во однос на декември 2023 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (13,3%), Транспорт и складирање (12,5%) и Рударство и вадење камен (12,2%).

## Пензии

Во јануари 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување биле евидентирани 341.621 пензионер. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2.500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,0% се корисници на старосна пензија или 242.520 пензионери, 21,6% на семејна пензија или 73.863 пензионери и 7,4% на инвалидска пензија, односно 25.238 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јануари 2025 година изнесувала 23.709 денари односно за 17,9% повисока во однос на истиот месец од 2024 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,5%.

Просечната старосна пензија во јануари 2025 година изнесува 25.349 денари, просечната инвалидска пензија 21.273 денари, а просечната семејна пензија 19.158 денари. За исплата на пензиите овој месец биле потрошени 8.061 милион денари, што претставува 55,2% од вкупните социјални трансфери.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за јануари 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| Старосни | 242.520 | 71,0% | 25.349,00 |
| инвалидски | 25.238 | 7,4% | 21.273,00 |
| семејни | 73.863 | 21,6% | 19.158,00 |
| Вкупно | 341.621 | 100,0% | 23.709,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 36 | | 13.398,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 726 | | 32.315,00 |
| **Вкупно** | 342.383 | | 23.726,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јануари 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна. на нивото од 5,55%, откако од септември започна со нејзино намалување. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која започна со намалување на каматните стапки од септември 2024 година.

Во јануари 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.




### Примарни пари

Во јануари 2025 година, примарните пари[6] се намалија за 8,0% на месечно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 14,3% и готовите пари во оптек за 1,5%.

Во јануари 2025 година, примарните пари се зголемија за 1,0% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек за 14,3%, додека вкупните ликвидни средства се намалија за 10,3%.




### Депозитен потенцијал[7]

Во јануари 2025 година, вкупните депозити на банките се намалија за 1,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалија за 5,0%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,2%.

Од аспект на валутата, во јануари 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа пад од 1,4% и 1,1%, соодветно.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Во јануари 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 16,1%, а депозитите во странска валута за 4,3%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 5,7% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 14,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***592.750*** | ***-1,3%*** | ***11,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *351,388* | *-1,4%* | *16,1%* |
| *Странска валута* | *241.362* | *-1,1%* | *4,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *221.666* | *-0,7%* | *1,7%* |
| *Долгорочни* | *148.983* | *0,8%* | *23,8%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***494.098*** | ***-0,1%*** | ***11,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *303.317* | *-0,3%* | *18,1%* |
| *Странска валута* | *190.781* | *0,3%* | *2,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *76.472* | *0,7%* | *14,6%* |
| *Долгорочни* | *401.476* | *-0,3%* | *11,3%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 1,7%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 23,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 59,3%.

## Кредити на банките

Во јануари 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,1% на месечно ниво, во услови на пад на кредитирањето на претпријатијата за 0,4%, додека кредитирањето на домаќинствата регистрираше раст од 0,2%

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,3%, а девизните кредити се зголемија за 0,3%.

На годишна основа, во јануари 2025 година вкупните кредити се зголемија за 11,3%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,2% и 8,8%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 18,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст за 11,3%, а краткорочните кредити за 14,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,09 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,21%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 5,72%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,23 п.п. и изнесува 4,47%.

Во јануари 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,18%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 2,72%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 1,65%

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,00%, а на новоодобрените девизни кредити 3,84%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,88% и 1,88%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јануари 2025 година се намали за 58,8% на месечно ниво, во услови на пад на прометот од блок трансакциите за 90,6% и намалување на прометот од класичното тргување за 3,9%.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2025 година изнесуваше 949,4 милиони денари, што претставува зголемување за 109,4% на годишно ниво.

На крајот на јануари 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесуваше 10.853,7 индексни поени, при што на месечно ниво тој е зголемен за 12,0%, а во однос на истиот месец претходната година за 67,7%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јануари 2025 година е 5.041,39 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 0,2%, а во однос на јануари 2024 година за 16,2%.